РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**ноември 2013 година**



Скопје, јануари 2014

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември 2013 година

- Во ноември 2013 година индустриското производство забележа раст од 3,1% во споредба со ноември 2012 година, а во однос на октомври 2013 година раст од 6,7%;
- Стапката на инфлација на годишна основа изнесува 1,1%, додека на месечна основа забележа пад од 0,1%. Просечната стапка на инфлација во првите единаесет месеци од 2013 година се зголеми за 2,9%;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот од 14,3% во периодот јануари - ноември 2013 година , со вредносен раст од 2,3% и пад на увезените количини стоки од 10,6%, со вредносен пад од 2,1%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 9,2% во однос на истиот период од 2012 година;
- Поголемо остварување на вкупните приходи во Буџетот за 1,6% и зголемување на вкупните расходи за 3,8% во периодот јануари- ноември 2013 година во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 17.904 милиони денари (3,6% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 16.078 милиони денари (3,3% од БДП);
- Раст од 4,9% на вкупните кредити кон приватниот сектор и раст од 6,2% на вкупниот депозитен потенцијал на банките на годишна основа;.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во ноември 2013 година споредено со ноември 2012 година индустриското производство забележа раст од 3,1%. Анализирано по сектори, секторот Преработувачка индустрија забележа раст на производството од 7,1%. Секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 15,8% како резултат на падот во гранките Вадење руди на метал од 28,6% и Вадење јаглен и лигнит од 13,0%, додека гранката Вадење други руди и камен забележа раст од 31,5%. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 2,6%.

| Индустриско производство (во %) - ноември 2013 година | | | |
|---|---|---|---|
| | м/м-12 | м/м-1 | I-XI 2012 / I-XI 2013 |
| Вкупно | 3,1 | 6,7 | 2,6 |
| Рударство и вадење камен | -15,8 | -9,8 | 4,1 |
| Преработувачка индустрија | 7,1 | 7,8 | 1,9 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -2,6 | 20,1 | 5,7 |

Извор: ДЗС

Во рамките на Преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 14 од 23 гранки, кои сочинуваат 58,5% од индустриското производство. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство висок раст од 19,8% е забележан во гранката Производство на облека и 11,3% кај Производство на прехранбени производи . Значителен раст е остварен и кај следните гранки: Печатење и продукција на снимени медиуми 84,7%, Производство на текстил 82,2%, Производство на производи од гума и производи од пластични маси 50,3%, Производство на мебел 49,3%, Производство на кожа и производи од кожа 42,6%, Производство на метали 34,8%, Производство на други неметални минерални производи 23,8%, Производство на фабрикувани метални производи освен машини и опрема 16,6%, Производство на тутунски производи 14,1%, Производство на електрична опрема 9,6%, Производство на останата опрема за транспорт 6,3% и Производство на хартија и производи од хартија 5,9%.




Индустриското производство во ноември 2013 година во однос на октомври 2013 година забележа раст од 6,7%. Секторската анализа укажува дека раст е забележан во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 20,1% и Преработувачка индустрија од 7,8%, додека секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 9,8%, како резултат на падот во гранките Вадење руди на метал од 8,7% и Вадење други руди и камен од 25,2%, додека гранката Вадење јаглен и лигнит забележа раст од 2,2%.

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари – ноември 2013 година во однос на истиот период од 2012 година регистрира раст од 2,6%. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа раст од 5,7%, секторот Рударство и вадење камен оствари раст од 4,1% и секторот Преработувачка индустрија исто така раст од 1,9%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во ноември 2013 година во однос на ноември 2012 година покажуваат зголемување на производството кај: Трајни производи за широка потрошувачка од 11,9%, Интермедијарни производи, освен енергија од 10,6%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,4% и Капитални производи од 0,1%. Пад од 9,1% е забележан единствено кај групата Енергија .

На месечно ниво, податоците за индустриското производство по наменски групи во ноември 2013 година покажуваат зголемување на производството кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 18,4% и групата Енергија од 15,1%, додека пад е забележан кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 15,1%, Капитални производи за 14,6% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,2%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - ноември 2013 година во однос на истиот период од минатата година раст е забележан кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 6,3%, Капитални производи од 5,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,5% и Енергија од 1,2%. Пад е забележан во групата Интермедијарни производи освен енергија и тој изнесува 1,2%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката, тековната економска состојба на деловните субјекти во ноември 2013 година е поповолна во однос на претходниот месец како и во однос на ноември 2012 година.

Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е поповолна и во однос на претходниот месец и во однос на ноември 2012 година. Во ноември 2013 година, оценката за обемот на производството во изминатите три месеци е понеповолна во однос на октомври 2013 година, а поповолна во однос на ноември 2012 година. Во ноември 2013 година, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец како и во однос на ноември 2012 година.




Во однос на бројот на вработените, очекувањата во ноември 2013 година за

наредните три месеци се понеповолни во однос на минатиот месец, а поповолни во однос на ноември 2012.

Просечното искористување на капацитетите во ноември 2013 година изнесува 60,7%, што претставува намалување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 61,4%. Споредено со ноември 2012 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,3п.п..

Во ноември 2013 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е поповолна во споредба и со претходниот месец и со ноември 2012 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, се очекува зголемување на просечните набавни цени на инпутите и на продажните цени на готовите производи.

Според оценките, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во ноември 2013 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 26,2%, недоволната домашна побарувачка со 19,0%, недостигот на квалификувана работна сила со 12,0%, финансиските проблеми со 8,8%, конкурентниот увоз со 8,6%, неизвесното економско окружување со 10,1%, недостигот на суровини со 2,4%, недостигот на опрема со 2,4% и нејасните економски закони со 2,0%.

Како ограничувачки фактор во ноември 2013 година во однос на октомври 2013 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: конкурентниот увоз, финансиските проблеми, нејасните економски закони, недостигот на суровини и недостигот на опрема, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната странска побарувачка, недоволната домашна побарувачка, неизвесното економско окружување и недостигот на квалификувана работна сила. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во ноември 2013 година во однос на ноември 2012 година забележа зголемување од 1,2%.

Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторот Преработувачка индустрија за 1,6%, додека намалување има во секторите: Рударство и вадење камен за 0,6%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,4%. Во секторот Рударство и вадење камен е регистриран пад на бројот на работниците од 0,6%, како резултат на намалувањето на бројот на работниците во гранките: Вадење јаглен и лигнит (2,2%) и Вадење други руди и камен (1,7%), додека кај гранката Вадење руди на метал е забележан раст на бројот на работници од 1,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2013 година во однос на ноември 2012 година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 6,8%, Интермедијарни производи, освен енергија за

1,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,5% и Капитални производи за 0,4% додека намалување има кај групата Енергија за 1,8%,.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2013 година беа издадени 182 одобренија за градба, што претставува намалување од 21,6% во однос на ноември 2012 година. Вкупниот број на издадени одобренија за градење во однос на октомври 2013 година, кога беа издадени 147 одобренија, се зголеми за 23,8%.

Предвидената вредност на објектите, според издадените одобренија за градење во ноември, изнесува 1.958 милиони денари, што претставува намалување за 31,2% во однос на ноември 2012 година . Во однос на претходниот месец од 2013 година, вредноста на објектите бележи намалување за 23,3%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 160 (или 87,9%) се наменети за објекти од високоградба, 6 (или 3,3%) за објекти од нискоградба и 16 (или 8,8%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 182 издадени одобренија за градба, за 154 (или 84,6%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 28 објекти (или 15,4%) инвеститори се деловни субјекти.

Во ноември 2013 година предвидена е изградба на 414 станови, со вкупна корисна површина од 37.878м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 36,0% во однос на истиот месец од 2012 година, а во однос на октомври 2013 година е зголемен за 19,3%.

Анализирано по региони, во ноември 2013 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 48, при што 41 одобрение се издадени за инвеститори - физички лица и 7 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион - 4, од кои 2 се издадени на инвеститори физички лица и 2 за инвеститори деловни субјекти.



Анализирано на кумулативна основа, во периодот јануари- ноември 2013 година, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 564, од кои 401 одобрение се за инвеститори - физички лица, а 163 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот и Вардарскиот регион, по 125, од кои во Североисточниот регион 104 одобренија се за инвеститори - физички лица, а 21 за инвеститори - деловни субјекти, додека во Вардарскиот регион 77 одобренија се за инвеститори - физички лица, а 48 за инвеститори - деловни субјекти.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во ноември 2013 година, измерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 1,1%. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - ноември 2013 година се зголеми на 2,9%.

На годишна основа, цените во категоријата Исхрана забележаа раст од 1,0%. Цените во категоријата Домување се намалија за 1,9%, при што цените во поткатегоријата Огрев и осветление забележаа намалување од 3,3%, додека кај поткатегориите Станарина, вода и услуги и Покуќнина беше забележан раст од 0,1% и 2,1%, соодветно. Забавен раст на цените се забележа во категоријата Облека и обувки од 3,5%, додека растот на цените во останатите категории е како што следи: Хигиена и здравје од 5,3%, Тутун и пијалаци од 4,1%, Ресторани и хотели од 3,4%, Административни и финансиски услуги од 0,7% и Култура и разонода од 0,1%. Намалување на цените е регистрирано во категоријата Сообраќајни средства и услуги од 0,8%.




Стапката на инфлација во ноември споредено со претходниот месец се намали за 0,1%. Највисок месечен раст од 0,4% е регистриран кај категоријата Хигиена и здравје , потоа следува раст од 0,2% кај категоријата Облека и обувки, додека категориите Домување и Тутун и пијалаци регистрираа месечен раст од 0,1%. Највисок месечен пад од 0,8% се забележа кај категоријата  Сообраќајни средства и услуги , додека пад од 0,3% е регистриран кај категориите Исхрана и Ресторани и хотели,  а категориите Култура и разонода и Административни и финансиски услуги регистрираа е пад од 0,1%.

Цените на мало во ноември 2013 година во однос на ноември 2012 година се повисоки за 0,4%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 0,2%. Просечниот раст на цените на мало во првите единаесет месеци од 2013 година изнесува 1,3%.

## Берзански цени

Во ноември 2013 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 1,3% во однос на претходниот месец и изнесуваше 108,1 долари за барел. Споредено со ноември 2012 година, цената на нафтата е пониска за 1,5%. Цената на природниот гас во ноември се зголеми за 0,3% во однос на претходниот месец.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во ноември се тргуваше со просечна цена од 13.684 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 3,1%. Споредено со ноември 2012 година цената на никелот е пониска за 16,2%. Во ноември се забележува месечно намалување на цените на основните метали, и тоа цената на алуминиумот забележа највисок пад од 3,7%, потоа бакарот од 1,8%, додека пад од 1,2% забележаа цените на оловото и калајот. Цената на цинкот забележа месечен пад од 1,0%. Кај цените на благородните метали се забележа месечен пад на цената на среброто од 5,3% и пад кај цената на златото од 3,1%. Цената на платината забележа раст од 0,5%. Цената на железната руда во ноември забележа месечен раст од 2,3%.

Во ноември цената на пченицата на светските берзи забележа пад од 5,8% (наспроти растот од 5,9% во октомври). Цената на пченката во ноември го забави месечениот пад на ниво од 1,3%. Цената на јагнешкото месо забележа месечен раст од 0,8%.

# 2. Надворешно - трговска размена

Вкупната надворешно - трговска размена во периодот јануари – ноември 2013 година бележи контракција од 0,4% во однос на истиот период од 2012 година.




## Извоз

Во периодот јануари - ноември 2013 година физичкиот обем на извозот

бележи пад од 14,3% во однос на истиот период од 2012 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 2.917,1 милиони евра и бележи раст од 2,3% (66,6 милиони евра) во однос на периодот јануари - ноември 2012 година.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2013 година извозот бележи зголемување од 1,2% во однос на претходниот месец.




Сезонски прилагоденото движење на извозот во ноември 2013 година бележи месечен раст од 2,7%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,4 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2013 година се: железо и челик со 18,5%, хемиски материи и производи 14,9%, облека 14,7%, пијалаци и тутун 5,9%, метална руда и отпадоци од метал 5,2%, и нафта и производи од нафта 2,3%. Овие шест групи производи сочинуваат 61,5% од вкупниот извоз на државата.

Гледано по економска намена, во периодот јануари – ноември 2013 година, најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (52,1%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (22,2%), храна и пијалаци (10,9%), производи за инвестиции без транспортна опрема (10,4%), горива и мазива (2,3%) и транспортна опрема (2,1%).

Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; фероникел; машини и апарати за филтрирање или пречистување други гасови со каталитичка постапка; тутун, суров и непреработен; машки кошули од памук; табли, плочи, пултови, маси, ормани и друго; феросилициум; плоснато валани производи од железо или нелегиран челик со ширина 600 мм или поголема, платинирани или превлечени; руди на олово и концентрати; руди на бакар и концентрати; лекови приготвени во одмерени дози; и друго.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2012 | I-XI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 598,4 | 545,3 | -53,2 | -8,9 |
| Мил. ЕУР | 604,2 | 541,0 | -63,1 | -10,4 |
| Мил.$ | 775,2 | 716,2 | -59,0 | -7,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2012 | I-XI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 505,2 | 518,5 | 13,3 | 2,6 |
| Мил. ЕУР | 264,8 | 255,9 | -8,9 | -3,4 |
| Мил.$ | 339,4 | 339,0 | -0,4 | -0,1 |

*)Претходни податоци

## Увоз

Увезените количини  стоки во периодот јануари - ноември 2013 година се намалени за 10,6% во однос на периодот јануари - ноември претходната година, а нивната вредност изнесува 4.517,2 милиони евра, што претставува







намалување за 2,1% (95,1 милиони евра) во однос на истиот период од 2012 година.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2013 година увозот бележи пад од 1,2% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на увозот во ноември 2013 година бележи месечен пад од 1,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (0,4 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2012 | I-XI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 209,5 | 132,0 | -77,5 | -37,0 |
| Мил. ЕУР | 146,3 | 66,4 | -79,9 | -54,6 |
| Мил.$ | 188,2 | 87,7 | -100,5 | -53,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2012 | I-XI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1.014,2 | 836,7 | -177,5 | -17,5 |
| Мил. ЕУР | 683,4 | 512,4 | -171,0 | -25,0 |
| Мил.$ | 877,4 | 678,1 | -199,4 | -22,7 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари - ноември 2013 година, покрај нафтата отпаѓа на обоени метали; предиво, ткаенини и текстилни производи; железо и челик; електрични машини, апарати и делови; друмски возила; индустриски машини и делови; и друго.

Гледано по економска намена, во периодот јануари - ноември 2013 година најголемо учество во увозот имаат: стоки за индустриски набавки (45,2%), потоа следуваат горива и мазива (15,7%), производи за инвестиции без транспортна опрема (12,8%), храна и пијалаци (11,3%), стоки за широка потрошувачка (10,1%) и транспортна опрема (4,8%).




Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; платина, необработена или во прав; електрична енергија; паладиум: необработен или во прав; руди на никел и концентрати; моторен бензин со октански број

(РОН) од 95 или поголем, но помал од 98; топло валани производи со дебелина помала од 3 мм; премачкувачки средства (бои и лакови); масла за ложење; лекови приготвени во одмерени дози; и слично.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2012 | I-XI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 20,5 | 6,8 | -13,6 | -66,6 |
| Мил. ЕУР | 355,3 | 434,1 | 78,8 | 22,2 |
| Мил.$ | 457,0 | 575,2 | 118,1 | 25,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2012 | I-XI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 30,6 | 28,8 | -1,8 | -6,0 |
| Мил. ЕУР | 63,0 | 66,7 | 3,6 | 5,8 |
| Мил.$ | 81,1 | 88,1 | 7,0 | 8,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари – ноември 2013 година трговскиот дефицит се стесни за 161,7 милиони евра или 9,2% во однос на истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, стеснувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, храна и пијалаци, транспортна опрема, инвестиции без транспортна опрема и стоките за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше проширеното негативно салдо во размената со стоките за индустриски набавки.

Значајно е да се напомене дека од јануари 2013 година се применува ревидирана економска групација на земјите подготвена според Геономенклатурата на ЕУ - Номенклатура на земји и територии за статистика на стоковната размена на Унијата и статистика на стоковната размена помеѓу земјите - членки на Унијата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - ноември 2013 година споредено со истиот период од 2012 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ бележи раст од 17,8% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 14,5%.

Во периодот јануари – ноември 2013 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во однос на истиот период од претходната година се зголемила за 9,4%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 4,0 п.п. и изнесува 66,4%. Извозот на стоки со Европската унија (ЕУ 28) во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 72,6%, а увозот на стоки со 62,4%.

Во периодот јануари – ноември 2013 година, 80,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина, Србија, и Турција, а потоа следуваат: Италија, Русија, Словенија, Австрија, САД, Швајцарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово и Босна и Херцеговина.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 73,8% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2013 година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - ноември 2012 година претставува зголемување од 3,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 83,8% и 67,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 4,5 п.п., додека  кај увозот за 2,4 п.п во однос на периодот јануари - ноември 2012 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I-XI 2012 | | | | | I-XI 2013 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.702,4 | 2.994.077.803 | 61,5015 | 184.140.275.987 | 65,0 | 2.774,2 | 3.048.755.506 | 61,5075 | 187.521.329.309 | 67,4 | 54.677.704 | 1,8 |
| УСД | 2.955,9 | 1.552.052.913 | 47,9742 | 74.458.496.837 | 26,3 | 2.281,6 | 1.268.022.169 | 45,5824 | 57.799.493.735 | 20,8 | -284.030.743 | -18,3 |
| ГБП | 2,6 | 299.274.785 | 76,5473 | 22.908.676.780 | 8,1 | 3,5 | 397.194.855 | 73,3669 | 29.140.955.197 | 10,5 | 97.920.069 | 32,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.661,0 | | | 281.507.449.604 | 91,2 | 5.059,4 | | | 274.461.778.241 | 98,6 | | |
| вк извоз: | 5.669,7 | | | 283.483.259.500 | 100,0 | 5.069,0 | | | 278.224.712.007 | 100,0 | | -1,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари- ноември 2013 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 126.330 милиони денари, односно 25,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 1,6% во однос на истиот период од 2012 година.

Даночните приходи во изминатите единаесет месеци изнесуваат 69.623 милиони денари, односно 14,1% од БДП и во однос на истиот период од 2012 година забележаа зголемување од 1,3%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 35.519 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период продолжува да е доминантно и изнесува 51,0%. Акцизите се остварени во износ од 14.653 милиони денари (учество од 21,1% во даночните приходи). Така, од овие два данока се остварени приходи од 50.172 милиони денари или 72,1% од вкупните даночни приходи (10,2% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 53.097 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 17.578 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 2,8%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 9,7% споредено со истиот период од 2012 година).

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува пад од 8,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 9,8%. Кај ДДВ донациите се забележа поголемо остварување за 68,8%. Набљудувано по одделни категории  даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 9.030 милиони денари и се зголемени за 6,9% на годишна основа, при што 71,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,0% од приходите се по основ на договор на дело, 6,6% од приходите се од капитал и 3,8% од приходите се од имот и имотни

права. Споредено со истиот период од 2012 година, приходите од данокот од добивка во износ од 3.941 милиони денари забележаа раст од 14,9%, што е резултат главно на данокот наплатен по основ на исплатени дивиденди и други распределби од добивката и на приходите од пресметана камата на данокот на добивка и приходите од доплати по Даночен биланс. Истовремено беше забележан пад на приходите од платени аконтации, од годишен данок на вкупен приход и од задржан данок на приходи платени на странски правни лица. Приходите од ДДВ забележаа раст од 1,0% (што е за 1,5 п.п. повеќе од намалувањето за претходниот десетмесечен период), додека акцизите забележаа пад, односно помало остварување за 1,9% (што е речиси исто споредено со претходниот кумулатив). Приходите од царина беа остварени во износ од 3.868 милиони денари и забележаа зголемување од 3,4%. Приходите од други даноци изнесуваа 2.612 милиони денари и забележаа пад од 13,8%.




Неданочните приходи беа остварени во износ од 10.987 милиони денари и во однос на истиот период од 2012 година забележаа пад од 5,8% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствари ја во износ од 3.250 милиони денари што претставува намалување од 23,9% во однос на истиот период од претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна мултилатерална и билатерална соработка изнесуваат 3.034 милиони денари, што е двојно повеќе во однос на истиот период од минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 38.205 милиони денари (учество од 7,7 % од БДП), што е за 4,0% повеќе споредено со истиот период од 2012 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за здравствено осигурување од 4,2%, кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 3,9%, додека придонесите за вработување забележаа зголемување од 3,0%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари- ноември 2013 година изнесуваа 144.234 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што е за 3,8% повеќе во однос на 2012 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи забележаа учество од 26,3% во БДП и се зголемени за 4,8% во однос на истиот

периодод 2012 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите (18,7% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 20.679 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 14,3% и во однос на 2012 година се намалени за 0,7%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 13.019 милиони денари и споредено со истиот период од 2012 година се зголемени за 2,2%.

Трансферите забележаа зголемување од 6,2% споредено со истиот период од 2012 година. Социјалните трансфери, пак, забележаа раст од 6,5%. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, забележаа зголемување од 9,3%, споредено со истиот период од 2012 година. Учеството на категоријата други трансфери, која ги вклучува трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,5%, односно забележа зголемување од 5,9%, споредено со истиот период од 2012 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.896 милиони денари, беа реализирани за 2,6% повеќе во однос на единаесетте месеци од претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 8,2% повеќе.

Каматите се реализирани во износ од 3.800 милиони денари, што е за 10,9% повеќе во споредба со истиот период од 2012 година. Ваквото зголемување најмногу се должи на исплатата на доспеаните обврски за камати од домашно задолжување. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 40,3%, додека за камати од странски кредити беа намалени за 4,2%.

Во анализираниот период, средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 14.194 милиони денари и го задржаа двоцифреното учество во вкупните расходи и изнесуваа 2,9% од БДП.

### Буџетско салдо

Во овие единаесет месеци од 2013 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 17.904 милиони денари, што претставува 3,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 16.078 милиони денари и претставува 3,3% од БДП.

## 4. Социјален сектор

### Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ[1]

[1] Со изменувањето и дополнувањe на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на Република Македонија бр. 114/2012) извршени се измени и во делот на евиденцијата на невработените лица. Со овој Закон утврден е основ за воспоставување и водење две евиденции и тоа евиденција на невработени лица и евиденција на други лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

Во периодот јануари-ноември 2013 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 151.849 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 45,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од 2012 година, бројот на засновани нови работни односи е помал за 16,0%.




Во текот на ноември засновани се 13.571 нови работни односи, од кои 18,8% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во ноември изнесува 5.391, од кои 45,2% претставуваат нови засновани работни односи. Во ноември во Агенцијата е регистриран прилив од 7.871 лице, од кои 41,7% се лица на кои им престанал работниот однос. Така, во ноември 2013 година бројот на регистрирани невработени лица изнесува 95.279 лица, а бројот на други невработени лица е 120.626.

Најголем дел од невработените, односно 73,1% се од урбани средини (градско население), а 56,5% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 43,8% од невработените се без образование, со основно образование или со непотполно средно образование, 35,3% се со завршено средно образование, додека 20,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 52,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 44,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 17,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во октомври 2013 година изнесува 31.228 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.247 денари.



На месечна основа, во октомври 2013 година просечната бруто плата бележи номинален раст од 1,0%, а реално истата е повисока за 1,1%. Просечната нето плата во истиот период бележи номинален раст од 0,9%, додека реално истата е повисока за 1,0%

Во октомври 2013 година во однос на октомври 2012 година, просечната бруто плата бележи номинален раст од 1,1%, додека реално истата е пониска за 0,2%. Просечната нето плата номинално е повисока за 1,0%, додека на реална основа истата бележи пад од 0,3%.

Кумулативно, во периодот јануари-октомври 2013 година во однос на истиот период од минатата година просечните бруто и нето плата бележат номинален раст од 1,3%, додека реално истите се пониски за 1,8%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во октомври 2013 година во однос на септември 2013 се забележува во секторите: Градежништво (7,4% бруто плата и 7,1% нето плата), Транспорт и складирање (6,5% бруто плата и 5,8% нето плата) и Рударство и вадење камен (4,7% бруто плата и 4,9% нето плата).

Зголемување на просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен, во однос на претходниот месец е забележано во секторите: Уметност, забава и рекреација (7.2% бруто плата и 7,0% нето плата), Рударство и вадење камен (5.0% бруто плата и 5,7% нето плата) и Градежништво (3.3% бруто плата и 2,6% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во октомври 2013 година изнесува 1,3% и е понизок за 0,5 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, а во однос на септември 2013 година истиот е повисок за 0,1 п.п.

## Пензии

Во ноември 2013 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 289.364 пензионери, што претставува зголемување од 2,2% во однос на истиот месец од 2012 година. Во однос на октомври 2013 година бројот на корисници на пензија е поголем за 1.106 лица. Од вкупниот број пензионери, 58,1% се корисници на старосна пензија, 26,5% на семејна пензија и 15,4% на инвалидска пензија.




За исплата на пензии во ноември 2013 година потрошени се 3.333,67 милиони денари, што претставува 52,7% од вкупните социјални трансфери[2].

[2] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.

Просечната пензија во ноември 2013 година изнесува 11.811 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 8,3%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2013 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,6%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во ноември 2013 година примарните пари[3] забележаа пад од 1,2% на годишно ниво (раст од 2,4% минатиот месец), како резултат на падот на готовите пари во оптек од 7,2%, и на вкупните ликвидни средства на банките од 7,3%.




На месечна основа, примарните пари забележаа пад од 4,4%, како резултат на падот на вкупните ликвидни средства на банките од 6,4% и на готовите пари во оптек од 2%.

Во ноември 2013 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, а имајќи ги предвид и очекуваните ефекти од спроведеното монетарно олабавување во изминатиот период реши каматната стапка на благајничките записи да се задржи на нивото од 3,25%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[4] во ноември 2013 година се зголеми за 0,7% на месечна основа, како резултат на порастот на депозитите на приватните претпријатија од 1,3% и депозитите на домаќинствата од 0,6%. Од аспект на валутата, раст од 0,5% и 1% бележат депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута, соодветно.




На годишна основа, вкупните депозити во ноември 2013 година остварија засилен раст од 6,2%,

3 Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

4 Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

наспроти растот од 5,9% во октомври 2013 година. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата бележат раст од 6,7%, додека депозитите на претпријатијата регистрираа засилен годишен раст од 3,7%.

Од аспект на валутата, во ноември 2013 година се забележува интензивиран раст од 10,4% на депозитите во домашна валута , додека депозитите во странска валута бележат раст од 1,3%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 29%, а краткорочните се намалија за 2,9%.

## Кредити на банките

Во ноември 2013 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 1% на месечна основа (наспроти растот од 0,3% во октомври), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата и приватните претпријатија од 1%. Од аспект на валутната структура, денарските кредити забележаа раст од 1,2%, додека кредитите во странска валута се зголемија за 0,3%.

На годишна основа, во ноември вкупните кредити остварија засилен раст од 4,9% (во октомври растот изнесуваше 4,2%). Според валутата, новото кредитирање е целосно во домашна валута. Имено, кредитите во домашна валута остварија засилен раст од 6,6% (во октомври забележаа раст од 6,1%), додека оние во странска валута бележат пад од 0,3%. Анализирано според секторот, кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 1,6%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 9,3%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 5%, додека краткорочните кредити се понискi за 0,2%.




## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2013 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,5% и го задржа нивото од изминатите два месеца. Во однос на истиот месец од 2012 година таа е пониска за 0,5 п.п.. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 7,8% и е за 0,1 п.п. пониска  во однос на минатиот месец, додека каматната стапка на девизните кредити е непроменета и изнесува 6,5%.

Вкупната каматна стапка на депозитите изнесува 2,8% и е непроменета во однос на претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалени за 0,1 п.п. и изнесуваат 4,1% и 1,6%, соодветно.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2013 година изнесуваа 2.020,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се понискi за 27,8 милиони евра, додека во однос на ноември 2012 година  се пониски за 77 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

**www.finance.gov.mk**

**Извештајот го подготвија:**

Ана Николова

Ангела Васовска

Анета Дудеска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Нецати Куртиши

**Контролирал:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, јануари 2014 година